РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

---

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Скопје, ноември 2020 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 110/19), министерот за внатрешни работи донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој Етички кодекс (во натамошниот текст: Кодекс) се утврдува начинот на однесувањето, постапувањето и работењето на работниците во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) со цел обезбедување на:

- законитост, професионален и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на на работите и работните задачи на работниците, како и зајакнување на интегритетот на Министерството во целина и
- почитување на човековите права, преку еднаков третман и недискриминација, без повластување и без никаков личен интерес, почитувајќи ги туѓите права и достоинство.

## II. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

### Член 2

(1) Работниците во Министерството во извршување на работите и работните задачи, се придржуваат кон одредбите на овој Кодекс .

(2) Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс претставува кршење на работниот ред и дисциплина односно неисполнување на работните обврски согласно позитивните прописи во областа на внатрешните работи.

### Член 3

(1) Работниците потпишуваат изјава со која потврдуваат дека ги прочитале и разбрале основните принципи и стандарди на однесување и работење, содржани во овој Кодекс.

(2) Потпишаните изјави од ставот (3) на овој член, се доставуваат до организациските единици за управување со човечки ресурси во Министерството односно Бирото за јавна безбедност, каде се чуваат во персоналното досие на работникот.

(3) Образецот на изјавата од ставот (1) на овој член, е даден во Прилог бр. 1 кој е составен дел од овој Кодекс.

### Член 4

Работниците при вршењето на работите и работните задачи, се раководат од следните основни принципи:

1. Законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето;
2. Политичка непристрасност и неутралност;
3. Некористење на материјална или нематеријална корист;
4. Избегнување на судир на интереси;
5. Невршење на работи и дејности што се во судир со внатрешните односно полициските работи;
6. Постапување согласно овластувањата и статусот;
7. Доверливост на службените информации;
8. Ефикасно и економично користење на средствата;
9. Грижа за интегритетот и угледот на Министерството.

**1. Законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето**

**Член 5**

Работниците во вршење на работите и работните задачи ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори, подзаконските прописи и интерните акти на Министерството.

**Член 6**

Работниците при извршување на работите и работните задачи постапуваат објективно и непристрасно и обезбедуваат еднаков третман на сите граѓани.

**Член 7**

При постапувањето во конкретни предмети и донесувањето на конкретни одлуки работниците не се раководат од погрешна, неправилна или неразумна оцена на фактичката состојба заради предрасуди, остварување амбиции за напредување во кариерата, судир на интереси, закани од претпоставените работници или лицата кои се засегнати во конкретен случај.

**Член 8**

Работниците работите и работните задачи ги извршуваат на високо професионално ниво кое постојано го надградуваат и при тоа постапуваат совесно, чесно, ефикасно, ефективно, навремено и одговорно.

**Член 9**

Работниците континуирано го усовршуваат своето општо и стручно образование и ја подобруваат својата стручност и психо-физичка подготвеност.

**Член 10**

(1) Во случаи кога од работниците се бара да дејствуваат на неетички начин или да превземат на активности кои претставуваат кршење на одредбите од овој Кодекс, за истото писмено го информираат својот непосреден раководител.

(2) Доколку барањето за недозволено однесување потекнува од непосредниот раководител, работникот по писмен пат го известува непосредниот раководител на работникот кој бара извршување на активности во смисла на ставот (1) на овој член.

(3) Раководителот изнаоѓа ефикасен начин за проверка на ваквите наводи и во случаите кога ќе се потврди постоењето на истите, поднесува барање до

организациската единица за внатрешна контрола во Министерството, за преземање и испитување на случајот.

(4) Работниците кои пријавуват неетичко однесување на свои колеги – работници во Министерството се заштитени и поддржани во постапката за пријавување на непочитувањето на одредбите од овој Кодекс.

**Член 11**

(1) Неетичко однесување на работниците може да пријави работник во Министерството , физичко и правно лице.

(2) Пријавувањето од ставот (1) на овој член се врши:

- во писмена форма,
- по електронски пат (електронска пошта),
- со усна пријава која ќе биде соодветно евидентирана по формален пат.

## 2. Политичка непристрасност и неутралност

**Член 12**

(1) Работниците ги извршуваат работните задачи на политички неутрален начин.

(2) Работниците не го застапуваат или изразуваат своето политичко уверување во вршењето на работните задачи и при службените контакти.

(3) Работниците не вршат политичка активност која може да влијае на довербата во нивната способност да ги извршуваат работните задачи на непристрасен и објективен начин.

(4) Работниците во односите со физичките и правните лица, како и во односите со другите работниците во извршување на службените задачи, нема да ја споменуваат, истакнуваат или посредно да ја ставаат до знаење нивната припадност кон одредена политичка партија.

(5) Работниците нема да преземаат активности со кои ќе ги обврзат другите работници на Министерството да се придружат кон одредена политичка партија, ниту ќе ги поттикнат да го сторат тоа ветувајќи им напредок во кариерата.

## 3. Некористење на материјална или нематеријална корист

**Член 13**

(1) Работниците при извршување на службените должности и при донесување на одлуките не можат да бараат или примаат било каква материјална или нематеријална корист или да примаат ветување за истата (подарок или друга корист, ниту да примаат ветување за подарок или друга корист), со цел извршување или неизвршување на службено дејствие во корист на странката.

(2) Подарокот оставен во работните простории без знаење и волја на работникот, со писмен извештај, без одлагање се предава на непосредниот раководител.

(3) Непосредниот раководител за случајот веднаш го известува следниот според хиерархиско ниво раководен работник во организациската единица, како и организациската единица за внатрешна контрола.

(4) Обидите на странките да понудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман работниците го пријавуваат веднаш во писмена форма до својот непосреден раководител, а во негово отсуство до следниот според хиерархиско ниво раководен работник во организациската единица, како и во организациската единица за внатрешна контрола.

**Член 14**

Под нематеријална корист се подразбира секоја корист за работникот, која не се обезбедува со плаќање, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите службени обврски или да ги врши своите надлежности спротивно на службените обврски и одредбите од овој Кодекс. Нематеријалната корист исто така подразбира попуст во цени и услуги или други бенефиции поради припадност на Министерството.

## 4. Избегнување на судир на интереси

**Член 15**

(1) Работниците, во извршувањето на работите и работните задачи треба да го избегнуваат учеството во ситуации кои можат да ги доведат до судир на интереси.

(2) Работниците при извршување на службените должности треба секогаш да постапуваат во служба на јавниот интерес, исклучувајќи ги своите приватни интереси, почитувајќи ги принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

## 5. Невршење на работи и дејности што се во судир со внатрешните односно полициските работи

**Член 16**

(1) Работниците не треба да ги вршат следните работи и дејности, кои се во судир со внатрешните односно полициските работи:

- работи за меѓународни организации;
- работи за странски државни органи;
- работи од областа на осигурувањето;
- работи поврзани со давање на стручен наод и мислење (вештачење) од областа на внатрешните работи;
- работи од областа на обезбедувањето на лица и имот;
- детективски дејности;
- работа како управител во правно лице;
- дејности поврзани со ракување со оружје и експлозивни материи;
- дејности поврзани со обука за управување со моторни возила;
- музички настапи во угостителски објекти;
- работи како член на орган на управување на невладина организација, здружение и фондација кои спроведуваат проекти поврзани со своите цели и дејности во случаи утврдени со закон;

(2) Покрај работите и дејностите од ставот (1) на овој член, работниците не можат да вршат работи и дејности кои би го нарушиле угледот на Министерството, како и работи кои по својата природа се во непосредна поврзаност и сродност со работите што ги вршат на работното место на кое се распоредени и чие вршење би

влијаело врз законското и правилното извршување на внатрешните односно полициските работи.

## 6. Постапување согласно овластувањата и статусот
## Член 17

(1) Работниците во извршување на работите и работните задачи не треба да ги користат предностите што произлегуваат од нивниот статус, ниту информацииите со кои се стекнале при извршувањето на службената должност заради остварување на лична корист.

(2) Работниците не треба да нудат ниту обезбедуваат било какви предности, кои би биле поврзани со нивниот статус во Министерството.

(3) Работниците свесно и со намера не треба да ја доведуваат во заблуда јавноста или другите работници во Министерството;

(4) Работниците во службената или приватната комуникација со физички и правни лица, не треба да создаваат или изнесуваат лажни тврдења во поглед на нивната службена положба, статус и овластување.

## 7. Доверливост на службените информации
## Член 18

(1) Работниците не треба да пренесуваат службени информации кои ги добиле за време на вршење на нивните овластувања на други неовластени лица.

(2) Ова правило се однесува на сите документи и информации вклучувајќи ги и тие евидентирани по електронски пат.

(3) Работниците не треба да користат службени информации за да остварат свои приватни интереси или интереси на други лица.

## 8. Ефикасно и економично користење на средства
## Член 19

(1) Работниците обезбедуваат максимално ефикасно и економично управување и користење на материјалните средства, опремата и предметите што им се доверени во извршување на работните задачи и го спречуваат нивното незаконско користење и располагање.

(2) Работниците преземаат соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети и за отстранување на можноста за предизвикување на материјална штета во Министерството;

(3) Работниците не ги користат за приватни цели средствата, предметите или опремата што им е доверена на користење и располагање.

## 9. Грижа за интегритетот и угледот на Министерството
## Член 20

Работниците нема се ангажираат во било какви активности што се спротивни на вршењето на нивните службени должности согласно позитивните прописи и ќе сторат се да ги избегнат ситуациите, однесувањата и контактите со граѓани што можат да наштетат на интересот, угледот и интегритетот на Министерството.

## III. ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

### 1. Односи со граѓаните

**Член 21**

(1) Работниците во остварувањето на службените должности, во непосреден контакт со физички и правни лица се однесуваат одговорно, внимателно, љубезно, смирено, комуницираат и соопштуваат информации на едноставен и разбирлив јазик, одговараат на поставени прашања, примаат поднесоци, укажуваат на нивните можни недостатоци и ги упатуваат граѓаните каде ќе ги остварат своите права и интереси.

(2) При контактите со физичките и правните лица, работниците се однесуваат на начин кој овозможува да се воспостават односи на заемна доверба и соработка.

(3) Работниците го олеснуваат пристапот на физичките и правните лица до податоците и информациите кои треба да ги добијат заради остварување на нивните права и интереси и нема да одбијат да им дадат податоци или информации, доколку давањето на податоците е пропишно со закон.

(4) Работниците не треба непотребно да се интересираат и да споделуваат лични информации или пак да коментираат за аспектите на личниот живот со лицата со кои комуницираат во вршењето на службената должност.

(5) Работниците не треба да демонстрираат неетичко однесување или друго несоодветно однесување кога се на должност и не треба да воспоставуваат и одржуваат неморална или емотивна врска со лицата со кои се во службен контакт додека ги извршуваат работните задачи.

**Член 22**

(1) Работниците укажуваат соодветна помош на граѓаните, особено на одредени специфични категории лица (деца, бремени жени, возрасни лица, болни лица и лица со посебни потреби).

(2) Работниците укажуваат помош на лицата од ставот (1) на овој член, во секоја прилика, освен во случаите кога со тоа би се попречило извршувањето на службените работи.

### 2. Употреба на средства за присилба и огнено оружје

**Член 23**

При преземање на дејствијата во рамките на полициските овластувања, работниците со статус на полициски службеници можат да употребат средства за присилба и огнено оружје единствено под услови и на начин утврдени со закон.

### 3. Недискриминација во вршењето на службените задачи

**Член 24**

Во вршењето на службените задачи работниците не ги доведуваат во повластена, односно, нерамноправна положба граѓаните во остварување на нивните слободи и права, по основ на раса, боја на кожа, националното и социјалното потекло, општествено или етничко потекло, јазик, вера или убедувања,

политичко или друго мислење, пол, родов идентитет, сексуална ориентираност, здравствена состојба, инвалидитет, возраст, имотна состојба, брачна или семејна состојба, припадност на групи, политичка партија или друга организација, или по основ на било кое друго лично својство.

### 4. Користење на социјални мрежи

### Член 25

Работникот при користење на социјалните мрежи потребно е да ги почитува и применува правилата утврдени во интерниот пропис за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството.

### 5. Однесување надвор од работните задачи и службени должности

### Член 26

(1) Работниците кога не се на службена должност се однесуваат примерно и достоинствено, избегнувајќи активности и однесувања со кои може да се намали довербата и да се наруши угледот и интегритетот на Министерството.

(2) Работниците на Мнинистерството избегнуваат дејствија и активности кои се во конфликт со законските или етичките норми и кои би можеле да бидат причина за нивна лична уцена, омаловажување и губење на личниот углед, достоинство и интегритет.

(3) Однесувањето на работниците на Министерството е предмет на оценка на јавноста што налага истите да се однесуваат на начин што ќе претставува пример за граѓаните.

### Член 27

Работниците и кога не се на службена должност преземаат конкретни мерки и активности на своја иницијатива, доколку тоа го налагаат околностите, со цел да им помогнат на луѓето кои се во опасност, користејќи ги достапните средства.

### 6. Меѓусебни односи на работниците во Министерството

### Член 28

Односите помеѓу работниците во Министерството се засноваат на меѓусебно почитување, заемно помагање, колегијалност, толеранција, искреност, меѓусебна доверба, достоинство и добра комуникација.

### 7. Начин на облекување и носење на униформа

### Член 29

(1) Облеката на работниците треба да биде уредна, чиста, средена и соодветна на работните обврски.

(2) Униформираните полициски службеници треба да се придржуваат кон прописите за носење на униформата и посебната опрема.

(3) Неуниформираните работници треба да се придржуваат на одредбите од Кодексот за облекување на неуниформираните работници во Министерството.

## IV. ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИТЕ ОД КОДЕКСОТ

**Член 30**

Раководителите на организациските единици во Министерството преку личното однесување даваат пример за начинот на постапување и почитување на етичките принципи, на работниците во Министерството.

**Член 31**

Непосредните раководни работници, а во нивно отсуство - работниците на следното хиерархиско ниво согласно Класификацијата на работни места во Министерството и организациската единица за внатрешна контрола ја следат примената на одредбите од овој Кодекс.

**Член 32**

Непосредните раководни работници ги запознаваат сите работници во организациската единица со која раководат, со одредбите од овој Кодекс.

**Член 33**

Министерството континуирано спроведува обуки за начинот на постапување на работниците при примената на одредбите од овој Кодекс.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

**Член 34**

Овој Кодекс влегува во сила наредниот ден од денот на неговото потпишување.

Бр. 13.1.1-91128/1
19 -11- 2020

Скопје

Министер
за внатрешни работи
Оливер Спасовски

**Прилог бр. 1**

Врз основа на член 3 став (1) од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, ја давам следната:

# И З Ј А В А

Јас (име и презиме) ______________________________ на работно место

______________________________________________________________

во ____________________________________________________,
потврдувам дека сум запознаен/запозната со основните принципи на однесување и работење содржани во Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и изјавувам дека истите доследно ќе ги почитувам и ќе се придржувам до истите при извршувањето на работните задачи односно примената на овластувањата, како и надвор од работните задачи и службени должности.

Име, презиме и потпис

______________________

Примил и проследил непосреден раководител (име, презиме и потпис) ______________________________ на работно место ______________________.

**Доставено до:**
- организациска единица за управување со човечки ресурси